Врз основа на член 35 од Законот за Просторно и Урбанистичко планирање и Законот за изменување и дополнување на Законот за Просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр. 199/2014, 44/2015,193/2015,31/2016,163/2016,64/2018 и 168/2018) и член 50 од Законот за Локална самоуправа("Службен весник на РМ" бр.5/02), Градоначалникот на општина **ДОЈРАН** , го дава следното:

# СООПШТЕНИЕ

Се известуваат граѓаните и правните лица од просторот и кои граничат и се опфатени со утврдениот опфат на **Урбанистичкиот план за село Нов Дојран, општина Дојран**, дека Градоначалникот на општина Дојран донесе Решение за спроведување на јавна презентација и јавна анкета за донесување на Урбанистичкиот план, изработен од ДПТУ ,,ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ,, Сашко Иванов Дооел од Битола**.**

Урбанистичкиот план ќе биде изложен на Огласната табла во зградата на општина Дојран, во Стар Дојран, објавен на официјалната веб страна на општина Дојран, во рок од седум работни дена, почнувајќи од 05.04.2022 година до 13.04.2022 година секој работен ден од 08:оо до 16:оо часот. Контакт тел.: 034/225-278.

Јавната презентација на планот ќе се одржи на ден 13.04.2022 година во просториите на општина Дојран со почеток во 10:3о часот.

Анкетните листови за учество во јавната анкета може да се добијат во општина Дојран.

Во определениот рок заинтересираните правни и физички лица од конкретното подрачје опфатено со планот можат да достават писмени забелешки, предлози и мислења на анкетни листови.

УП1Бр.12-27
30.03.2022година

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА ДОЈРАН

АНГО АНГОВ